**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1403-581/5**
**Скопје, 16.12. 2008 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Општина Демир Капија за 2007 година, кои се прикажани на страните од 8 до 11.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на општина Демир Капија за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Тодор Тошевски, градоначалник на општина Демир Капија во 2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 7 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 02.09. до 12.09.2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни корекции на финансиските извештаи прифатени и спроведени од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10**.** Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.1.1. Пописот на средствата и изворите на средствата на општина Демир Капија со состојба на 31.12.2007 година не е целосно извршен, односно извршен е физички попис само на опремата. При тоа, не е извршено усогласување на фактичката состојба утврдена со физичкиот попис на опремата со нивната вредност искажана во сметководството, поради што ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на искажаната вредност на материјалните средства.
Нема Извештај за извршениот попис од страна на пописната комисија што не е во согласност со Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ова е резултат на непостоење на интерни акти за спроведување на пописот, неправилна примена на законските прописи и придонесува за нереална проценка на билансните позиции и нереални финасиски извештаи.

**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице да донесе интерен акт за извршување на пописот со кој согласно законската регулатива ќе бидат предвидени сите активности околу пописот.

10.1.2. Општина Демир Капија нема утврдено сметководствена политика за евидентирање на издавањето и користењето на „верна картичките„. Истите не се евидентираат како Побарувања од вработените за дадени аванси и на соодветната пасивна сметка, што е спротивно на Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. На овој начин се создаваат услови за ненавремено раздолжување на лицата кои подигнале верна картички и за нереално проценување на билансните позиции.

**Препорака:**

Градоначалникот да донесе интерен акт со кој ќе се утврдат лицата кои можат да користат верна картички како и начинот на располагање и раздолжување од страна на корисниците на верна картичките.

**10.2. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

10.2.1. Општина Демир Капија во својата евиденција го нема евидентирано имотот добиен согласно Решението број 23-257/78 од 08.02.2000 година, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Демир

Капија врз основа на спроведен делбен биланс, донесено од Владата на Република Македонија. Поради тоа искажаната состојба на материјалните средства на 31.12.2007 година не ја претставува реалната состојба на материјалните средства и изворите на истите.
За имотот со кој располага и е нејзина сопственост, обезбедени се имотни листи од Државниот завод за геодетски работи, со исклучок на имотот во една катастарска општина.
За објектите за кои е пренесено правото на сопственост на Општината не е извршена проценка на нивната вредност.

**Препорака:**

- За имотот за кој се обезбедени имотни листи потребно е да се изврши проценка на вредноста согласно Методологијата за проценка на пазарната вредност на недвижниот имот, и да се евидентира во сметководството.
- За останатиот имот до обезбедување на имотни листи, да се изврши проценка согласно Методологијата за проценка на пазарната вредност на недвижниот имот, а одделението за сметководство да изврши вонбилансно евидентирање на истиот.

10.2.2. Врз основа на меѓународните стандарди за ревизија 500 - Ревизорски докази и 505 - Екстерни конфирмации, од страна на ревизијата беа испратени конфирмации до комитентите заради обезбедување на достатни соодветни ревизорски докази за состојбата на обврските. За неизмирените обврски во вкупен износ од 16.950 илјади денари беа испратени 13 конфирмации кон добавувачите во вкупен износ од 15.476 илјади денари, кои опфаќаат 91.31% од вкупните обврски на Општина Демир Капија.
Од испратените конфирмации, до денот на завршување на ревизијата добиени се одговори од три комитенти што опфаќа 2.862 илјади денари, што е 18% во однос на испратените конфирмации, кои ја потврдуваат состојбата искажана во евиденцијата на Општина Демир Капија. За девет конфирмации во вкупен износ од 12.614 илјади денари не се добиени одговори, што е 82% во однос на испратените конфирмации. Поради тоа ревизијата не обезбеди доказ дека обврските кон добавувачите во Билансот на состојбата се реално и објективно искажани.

**Препорака**:
Одделението за финансии и буџет во Општина Демир Капија редовно да врши усогласување на обврските со комитентите.

**10.3. Ненаменско користење на средствата**

10.3.1. Општина Демир Капија во 2006 година извршила набавка на моторно возило купено на лизинг, со рок на отплата на 48 рати, за кое во 2007 година се платени 309 илјади денари. Купопродажната цена на возилото изнесува 1.971 илјади денари (вклучувајќи го надоместот за лизинг и ДДВ).
Долгорочното задолжување на Општина Демир Капија е спротивно на одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Советот на општината има донесено Одлука за одобрување на набавка на патничко моторно возило во октомври 2005 година, а договор за купопродажба е склучен во април 2006 година.
Непочитувањето на законските одредби при долгорочно задолжување на општината допринесува за незаконско и ненаменско трошење на средствата на Буџетот на општина Демир Капија.

**Препорака:**
Со оглед задолженоста од минати години и блокираната сметка, Општината средствата од Буџетот да ги користи првенствено за разрешување на работите од јавен интерес.

**11. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Органот на Општина Демир Капија во текот на ревизијата, а се однесуваат на:**

**11.1. Корекции кај Билансот на состојба**

11.1.1. Вкупните ефекти од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизијата во Билансот на состојбата се однесуваат на следните позиции и тоа:

- Позицијата Постојани средства во Билансот на состојбата е зголемена за 11.224 илјади денари за изградени Градежни објекти и Материјални средства во подготовка со соодветно зголемување и корекции кај Изворите на деловни средства и Пасивните временски разграничувања како кореспондентна сметка.
- Позицијата Побарувања, на ставката Други краткорочни побарувања од вработени и Пасивни временски разграничувања е зголемена за износ од 9 илјади денари по основ на задолжение за подигнати верна картици.
- Позициите Краткорочни обврски спрема добавувачите и Активни временски разграничувања во Билансот на состојба се зголемени за износ од 9.664 илјади денари.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1. и 10.2. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Органот на Општина Демир Капија под 31 декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за наодите изнесени во точка 10.3. кај Органот на Општина Демир Капија за 2007 година, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

**14. Обелоденување**

Обрнуваме внимание во овој извештај, дека општина Демир Капија е тужена странка во судски спорови со повеќе субјекти по основ на долгови од минати години. Сметката на општина Демир Капија е блокирана со судски извршни решенија за наплата на стари неизмирени обврски наследени од претходната администрација и предмети кои се во постапка за вкупен износ од 18.846 илјади денари (11.278 илјади денари како главен долг и 7.568 илјади денари по основ на камати кои не се целосно пресметани) и тоа:

- од 8 (осум) правни субјекти за износ од 14.541 илјади денари,
- од Фондот за ПИОМ износ 1.494 илјади денари;
- од порано вработени лица за плати, надоместоци за износ од 2.811 илјади денари.

Главниот долг ги надминува можностите за отплата, односно за регулирање на обврските по судски решенија во тековната година, така да ќе биде потребно да се обезбедат средства во текот на наредните години.
На основа расположивата документација, која беше дадена на увид од надлежните во општина Демир Капија, во врска со дел од претходно наведените обврски спрема доверителите, сметаме дека е потребно да истакнеме одредени констатации во врска со обврските спрема дел од добавувачите на општината со состојба на 31.12.2007 година а се однесуваат на следното:

14.1.1. Со Пресуда ПС.бр.24/05 и П.бр.65/05 од 12.12.2007 година од Основен суд Кавадарци, општина Демир Капија е задолжена на име долг да плати износ од 1.733

илјади денари со законска затезна камата. По упатената жалба од страна на општина Демир Капија (со новата територијална поделба на судската надлежност судот во Кавадарци не е стварно надлежен), Апелациониот суд Скопје со решение ТСЖ 386/08 ја укинува првостепената пресуда ПС. бр.24/05 и ПС.бр.65/05 и предметот вратен е на повторно одлучување пред првостепениот суд.
Пред Основниот суд Велес по овој предмет се води кривична постапка КИ бр. 91/07.
По решение на Основниот суд Кавадарци на Изведба на патот до село Клисура и до село Человец извршено е Вештачење од страна на вешто лице дипломиран градежен инженер од 05.12.2006 година и Дополнително вештачење од 22.05.2007 година, поради изведени дополнителни докази за градежните работи и е констатирано следното: градежната книга и ситуациите не се средени, (има големи спротивности во количини и извршени градежни активности, што го потврдува од увидот на лице место), нема градежен дневник за хронолошко изведување на работите и учество на машини и луѓе, уредно потпишани од надзор, во кој треба да се евидентира и дозволи со потпис од надзор депонирање на вишок материјал на одредена времена или трајна депонија, нема атест за квалитетот на извршените градежни работи, нема доказ за извршено минирање, дозвола од ОВР за мини, не се видени двата главни проекти, фактурите и испратниците не се читки со точно наведени подизведувачи, фактура број 002 од 17.01.2003 година е од друг изведувач со кој нема склучено договор како подизведувач, збирна фактура за различни објекти во повеќе општини: Мариово, Богомила Велешко и за село Клисура (напишано врз коректурен напис со друг ракопис), фотокопирани испратници, анекс договор од 18.09.2002 на износ од 440 илјади денари нема предмер пресметка.
Со вештачењето е утврдено дека вредноста на извршените работи по двата гореспоменати договори изнесува 1.261 илјади денари.
И покрај барањето за вештачење од страна на вешто лице од градежна струка Основниот суд Кавадарци вештачењето го нема земено во предвид при одлучувањето.
По овој предмет спроведена е постапка број 01/02 за Изградба на локален пат Р 103 село Клисура (прва фаза пробивање пат) во должина од 2.5 км и Изградба на локален пат село Корешница – село Челевец (прва фаза пробивање на пат) во должина од 5.5 км. Во однос на донесената Одлука за максимална цена на јавната набавка има пречекорување за 7.806 илјади денари, нема Извештај од Комисијата за јавни набавки и објава во јавните гласила. На ревизијата не е презентирана целокупната документацијата од избраниот понудувач.
Со избраниот понудувач склучени се два договори од 16.07.2002 година на вкупен износ од 10.275 илјади денари, по први времени ситуации од 06.09.2002 година фактурирано е на вкупен износ од 3.026 илјади денари, на ревизијата не се доставени на увид градежни книги.
Во врска со Изградбата на локален пат село Корешница-село Челевец (втора фаза) во должина од 2,4 км од друг изведувач доставена е фактура од 31.10.2003 година на износ од 531 илјади денари за изведување на работи на проширување и пробивање на траса, склучен е Анекс кон договор за градење од 30.03.2004 година на износ од 4.324 илјади денари, фактурирано со прва времена ситуација од 06.04.2004 година, втора од 01.07.2004 година и завршна ситуација од 01.11.2004 година вкупен износ од 1.523 илјади денари. За оваа фаза нема спроведено постапка за јавна набавка.
14.1.2. По пресуда од Основниот суд Кавадарци ПС.бр.114/03 од 16.02.2006 година, се задолжува општина Демир Капија на име долг да плати износ од 5.181 илјади денари со законска затезна камата (износот на 1ва и 2ра времена ситуација е 4.912 илјади денари ) и со И.бр. 163/03 вкупниот долг со парнични и извршни трошоци изнесува 11.204 илјади денари.
Општина Демир Капија преку Основен суд Кавадрци до Врховен суд на РМ има упатено барање број 52/07 од 17.11.2006 година за Ревизија против Пресудата ПС.бр. 114/03 од 16.02.2006 година на Основниот суд Кавадраци и Пресуда ССЖ.бр.1191/06 од 06.07.2006 година на Апелационен суд Скопје нагласувајќи дека нема вештачење за овој предмет, погрешно е применето материјалното право согласно член 251 и член 285 од ЗОО (двете

времени ситуации изнесуваат 4.912 илјади денари, а не 5.181 илјади денари) и прашањето за законска затезна камата која не треба да се пресметува ако се има во предвид член 6 од договорот за градење од 01.10.2002 година, анексот од 12.09.2002 година, прва времена ситуација од 06.09.2002 година и втора времена ситуација од 30.03.2004 година (рок на извршување на работите е 180 дена), без завршена работа и завршна ситуација. Одговор на ова барање сеуште нема.
По овој предмет спроведена е постапка број 02/02 за Изведба на градежно асфалтерски работи на улици во Демир Капија, во однос на Одлуката за максимална цена на јавната набавка има пречекорување во износ од 2.811 илјади денари.
Со избраниот изведувач склучен е договор од 29.08.2002 година на износ од 8.824 илјади денари, фактурирано по прва времена ситуација од 06.09.2002 година на износ 3.000 илјади денари, не е презентирана градежна книга.
По основниот договор склучен е анекс договор број 1 (08-126/3 од 12.09.2002 година) на износ 2.486 илјади денари за Изведување на дополнителни градежни работи - Изведување на атмосферска, фекална и водоводна линија во општина Демир Капија, фактурирано по втора времена ситуација износ 1.912 илјади денари, всушност се работи за друг предмет на набавка, кое се сведува на немање постапка. На ревизијата не и е презентиран градежен дневник за изведените работи.

14.1.3. Во тек е судска постапка, односно Решението од Основен суд Кавадарци И.бр. 50/05 од 14.03.2005 година (иако е реализирано исплатен е износ од 3.852 илјади денари) е укинато и предметот е вратен на првостепениот суд на повторно одлучување.
Општина Демир Капија преку Основен суд Скопје 1 Скопје до Врховен суд на РМ има упатено барање број 1275/07 од 07.02.2007 година за Ревизија против Пресудата ПСС.бр. 399/05 од 01.03.2006 година на Основниот суд Скопје 1 Скопје и Пресуда ССЖ.бр.1781/06 од 05.10.2006 година на Апелационен суд Скопје со барање да се стави вон сила Судското порамнување ПС бр.113/3 од 06.04.2004 година во износ од 2.397 илјади денари и поништување на клаузулата на правосилност и извршност – исполнување – раскинување на склучениот договорот од 23.09.2002 година на износ 12.673 илјади денари со надомест на штета поради тоа што изведувачот не ја завршил работата. Одговор на ова барањето за ревизија сеуште нема.
По овој предмет спроведена е постапка број 03/02 за Изградба на фекална канализација во н.м. Бистренци и Корешница, во однос на донесената Одлука за максимална цена на јавната набавка има пречекорување за 10.673 илјади денари, нема објава во јавните гласила, нема Извештај од Комисијата за јавни набавки и известување до понудувачите за извршениот избор. На ревизијата не е презентирана документацијата на избраниот понудувач (само една страна од понудата, а за другите два понудувачи само понудите без останата документација).
Со избраниот понудувач склучен е договор од 18.09.2002 година на износ од 12.673 илјади денари (рок на изведување на работите три месеци и плаќање по завршување на работите), на ревизијата не е доставена на увид предмер пресметка. По прва времена ситуација (со иста дата како договорот 18.09.2002 година) и втора времена ситуација од 30.03.2004 година на вкупен износ 3.838 илјади денари на ревизијата не и е доставена на увид градежна книга. До Основен суд Кавадарци со поднесок од страна на изведувачот доставена е втора времена ситуација од 16.12.2002 година на износ 3.058 илјади денари (која е на повисок износ од втора времена ситуација со дата од 30.03.2004 година).
Со Записник ПС.бр.113/03 од 06.04.2004 година постигнато е судско порамнување, од кое може да се види дека основ е втора времена ситуација од 16.12.2002 година за износ од 1.838 илјади денари (1.798 илјади денари ситуација и 40 илјади денари остаток од прва времена ситуација) со законска затезна камата, и законска затезна камата на веќе исплатена главница од 2.000 илјади денари, а не втора времена ситуација од 30.03.2004 година која е всушност на износ од 1.798 илјади денари).

14.2. Со Пресуда П.бр. 217/06/1 од 04.07.2008 година Основниот суд Неготино ја задолжува општина Демир Капија да исплати на корисник на концесија надомест на штета 150 илјади денари со законска затезна камата сметано од 07.08.2006 година за износот на вложените средства согласно наод и мислење на вешто лице. Оваа пресуда е во врска со склучен концесиски договор од 22.03.2004 година со физичко лице за вршење на јавна услуга – стопанисување со Градски пазар Демир Капија без надомест, со рок на важност 10 години. Градскиот пазар е заведена во КО Демир Капија со право на користење, управување и располагање на РМ. Со Одлука на Советот на општина Демир Капија еднострано е раскинат договорот во јуни 2005 година, поради повреда на одредбите од Законот за концесија и Законот за градење, односно дека договорот е ништавен. Корисникот на концесијата и покрај едностраното раскинување на договорот продолжил да стопанисува со Градскиот пазар и да презема градежни работи. На ден 01.04.2006 година општината го вратила владението на пазарот.
Против пресудата на Основниот суд Неготино општината има упатено жалба до Апелациониот суд Скопје на ден 21.07.2008 година со образложение дека тужителот нема право на надомест на вложените средства поради тоа што во договорот за концесија не е предвидена обврска на концесионерот да плаќа надомест за добиената концесија и е предвидено објектите и предметите што се изградени се составен дел на пазарот и ќе бидат предадени на општината во случај на престанок на концесијата. Одговор на жалбата нема.

**Скопје, 05.12.2008** **Овластен државен ревизор**

**ОРГАН НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло жение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1.1. | 8.396 | 7.534 |
| **Вкупно приходи** | | **8.396** | **7.534** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1.1. | 3.139 | 4.037 |
| Стоки и услуги | 3.2.1.2. | 969 | 1.278 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.1.3. | 3.956 | 454 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **8.064** | **5.769** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 332 | 1.765 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **332** | **1.765** |
| **Вкупно расходи** | | **8.396** | **7.534** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања | 4.1.1. | 56 | 56 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 105 | 96 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 29.426 | 22.443 |
| **Вкупно тековни средства** | | **29.587** | **22.595** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | | 0 | 358 |
| Материјални средства | 4.2.1. | 13.164 | 3.667 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.2. | 1.971 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | | **15.135** | **4.025** |
| **Вкупна актива** | | **44.722** | **26.620** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 26.614 | 19.453 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 84 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 2.516 | 2.779 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 2.344 | 721 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **31.558** | **22.953** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 13.164 | 3.667 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **13.164** | **3.667** |
| **Вкупна пасива** | | **44.722** | **26.620** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА**

**ПРЕГЛЕД**

**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА**
**ЗА 2007 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **3.667** | **3.667** |
| **Зголемување по основ на:** | **9.937** | **9.937** |
| Набавки | 18 | 18 |
| Исправки по ревизија | 9.919 | 9.919 |
| **Намалување по основ на:** | **440** | **440** |
| Амортизација | 440 | **440** |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **13.164** | **13.164** |